# Анализа на терцијарни поддомени во секундарниот поддомен ‘org.mk’




Скопје, декември 2010 г.

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка
www.mcms.org.mk

**За издавачот:**
Сашо Клековски, прв извршен директор
Александар Кржаловски, извршен директор

**Автор:**
Борис Ристовски

**Учесници:**
Гонце Јаковлеска
Симона Огненовска

**Благодарност до:**
Милош Столиќ

**Подготовка:**
Борис Ристовски, МЦМС

**ISBN 978-608-4617-06-8**

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Македонски центар за меѓународна соработка**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина

Содржина ........................................................................................................ 3
Вовед ............................................................................................................... 4
Позадина ......................................................................................................... 4
Термини и дефиниции ................................................................................... 5
Методологија и пристап ................................................................................ 6
Анализа на податоците .................................................................................. 7
Поделба на домени во хиерархискиот модел ............................................. 7
Тренд на новорегистрирани домени ............................................................ 8
Регистранти и именски опслужувачи .......................................................... 9
Контакт-информации .................................................................................... 11
Социјални медиуми ....................................................................................... 13
Употреба на јазици ....................................................................................... 14
Заклучоци ...................................................................................................... 16

# Вовед

## Позадина

Значењето на Интернетот било и сѐ уште е предмет на многубројни студии и анализи. Сите тие се согласуваат дека глобалната мрежа ја олеснува и забрзува комуникацијата, ги прави достапни информациите и овозможува и ги зголемува можностите за нејзините корисници.

Иако веројатно сѐ уште не можеме да се споредуваме со развиениот свет, сепак бројот на корисници на Интернет во Македонија расте секој ден. Расте и бројот на креирани веб-сајтови. Заклучно со 1.12.2010 година, на глобално ниво се регистрирани 126.036.915 поддомени под врвните домени (.com, .net, .org, .info, .biz, .us) (извор: http://www.dailychanges.com), а во Македонија 17.670 домени.

Граѓанските организации во Македонија во почетокот срамежливо, а потоа и посериозно ги препознаваа можностите на Интернетот. Креирањето веб-сајтови им ја зголемува видливоста кај нивните целни групи, но и кај општата јавност. Им овозможува да ги промовираат своите резултати, да ги споделат своите искуства и да соберат туѓи, релевантни искуства за нивната работа. Застапеноста на доменот .org.mk во вкупниот број регистрирани веб-сајтови во Македонија, процентуално го следи глобалниот тренд. Така, на глобално ниво (заклучно со 1.12.2010 година), 9.110.519 или 7,23 % се под врвниот домен .org (извор: http://www.dailychanges.com), а кај нас 1.293 или 7,3 % .org.mk домени.

Со овој документ се прикажува моменталната состојба на регистрираните терцијарни поддомени во секундарниот поддомен org.mk (заклучно со 1.12.2010 година). Една од целите е да се покаже колку често се употребуваат овие комуникациски канали, односно дали се користи можноста што ја дава Интернетот. За жал, анализата покажа дека само 14 % од потенцијалните регистранти имаат регистрирано веб-сајтови. Втората цел на овој документ е да укаже на комуникациската (не)писменост. Еден дел од оние кои ја препознале можноста што ја нуди Интернетот и регистрирале свои веб-сајтови не одговориле на другите комуникациски барања: не ги оставиле сите контакти за комуникација, не користат социјални медиуми, не користат веб-базирани алатки како што е Гугл транслејт (Google Translate) итн. Кај сите нив веројатно сѐ уште треба да се апелира на тоа дека Интернетот

и социјалните медиуми се моќна алатка за промоција и дистрибуција на информации и содржини.

## Термини и дефиниции

Интернет-домен е локација на ентитет на Интернет. Интернет-домените се имиња со кои се идентификуваат ресурси на интернет, како што се на пример веб-сајтовите. Сервер за доменски имиња (Domain name server- ДНС) помага да се преведат домен-имињата во ИП адреси. Без тоа веб-сајтовите не можат да бидат најдени кога ќе бидат впишани во прелистувачот на Интернет. Домените се организирани во подредени нивоа (поддомени) на врвните домени.

Имињата на домените се формирани преку правила и процедури на ДНС (Domain Name System - систем за хиерархиско именување, изграден од дистрибуирани бази на податоци за компјутери, сервиси или ресурси поврзани на интернет или приватна мрежа). Должината на името не може да биде пократок од два (2), ниту подолг од шеесет и три (63) знаци. Процесот на регистрирање на име на домен е надгледуван од Internet Corporation for Assigned Names and Numbers (ICANN - http://www.icann.org). ИЦАНН е организација која дефинира и управува со имињата на домените, го проширува репертоарот на домени од врвното ниво (Top Level Domains (TLD) или parent domain).

Регистрацијата на Интернет поддомен е потребна заради именско распознавање на определени називи во структурата на именскиот простор на Интернет мрежата.

Во согласност со одлуката на Управниот одбор на МАРНет (МАРНет МИЦ - http://dns.marnet.net.mk) од 8 мај 1995 г., а врз основа на правата делегирани од страна на Агенција за назначување броеви на Интернет (Internet Assigned Numbers Authority – ИАНА - http://www.iana.org), избран е хиерархиски модел на адресирање во рамките на врвниот македонски домен „.mk“.

Во Македонија, МАРНет го делегира правото за нивно понатамошно администрирање во согласност со механизмите на адресирање во МАРНет. Согласно тие механизми во моментов МАРНет дозволува регистрирање на секундарни поддомени под врвниот .мк домен (МАРНет дозволи регистрирање секундарни домени под .мк врвниот домен од април 2008 година) и терцијарни поддомени под секундарните .com.mk, .edu.mk, .org.mk, .net.mk, gov.mk, .inf.mk и .name.mk.

Според Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски домен МК во областа на Интернет и користење на поддомените (http://dns.marnet.net.mk/_doc/pravilnik.doc) во него:

- Врвниот македонски домен МК е национален домен на Република Македонија во областа на Интернетот и во натамошниот текст ќе биде означен како МК - домен. Во МК- доменот се организираат поддомени кои се означени како секундарни домени [gov.mk; com.mk; org.mk; edu.mk; net.mk; name.mk; inf.mk]. Во секундарните домени во МК - доменот се регистрираат поддомени кои се означени како терцијарни домени. Корисниците на поддомени под врвниот македонски домен '.mk' имаат право да регистрираат исклучително терцијарни поддомени под еден од горенаведените секундарни поддомени. Бројот на поддомените што може да ги регистрира еден корисник е неограничен. Терцијарните домени се регистрираат за неодредено време. [Член 2]
- Право да регистрираат терцијарен домен во секундарниот домен 'орг.мк' имаат: непрофитни организации и здруженија, политички партии, фондации, синдикати, јавни здравствени организации, фондови и сл., основани според прописите на РМ, странски амбасади во РМ, непрофитни странски организации на кои, со меѓународен договор или согласно со закон, им е допуштено да вршат непрофитна дејност во РМ и сл. [Член 7]

Повеќе информации за постапката за регистрација на .org.mk поддомени може да се прочитаат на веб сајтот на МАРНет - http://dns.marnet.net.mk/postapka.php?dom=org

Во Македонија според расположливите информации (заклучно со 1.12.2010 година), постојат околу 9000 граѓански организации, околу 20 политички партии, околу 30 дипломатски и конзуларни претставништва во РМ, 20-тина верски заедници и 10-тина синдикати. Имајќи го предвид ова, и бројот од околу 1300 регистрирани .org.mk домени, може да заклучиме дека за свое интернет присуство се погрижиле околу 14 % од нив.

## Методологија и пристап

Анализата на архивските записи е направена преку нереактивно собирање податоци (Nonreactive data collection). Податоците за анализата се добиени од регистарот на МАРНет http://dns.marnet.net.mk/registar.php. Истите се јавно достапни податоци за регистрираните домени. Собрани се сите терцијарни регистрирани

домени под врвниот македонски интернет домен .мк регистрирани до 1.12.2010 г.

Анализата е започната преку проверка на соодветните именски опслужувачи каде се наоѓаат регистрираните домени. Опфатени се податоци за 1293 регистрирани домени на кои се поставени 666 активни веб-сајтови, кои се подетално анализирани. Во сите 666 активни веб-сајтови направена е проверка на: дата на регистрација, од кого се регистрирани и каде се поставени, контакт-информации (поштенска адреса, е-пошта, телефон, факс и контакт форма), употреба на социјални медиуми и употреба на јазици.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Резултатите се претставени графички преку графикони и табели, користени се и апсолутни бројки и проценти.

# Анализа на податоците

## Поделба на домени во хиерархискиот модел

За да се види застапеноста на .org.mk домените во хиерархискиот модел, направена е анализа на вкупниот број регистрирани домени кој изнесува 17.670. Најмногу регистрирани домени се терцијарни домени под секундарниот .com.mk домен (10.531) со учество од 59,6 %, потоа .mk (4.918) со 27,8 % од вкупниот број на регистрирани домени. Бројот на регистрирани терцијарни домени под секундарниот .org.mk домен изнесува 1.293 што претставува 7,32 % од вкупниот број регистрирани домени во МАРНет до 1.12.2010 година. Нема ниту еден регистриран .inf.mk домен.




Графикон 1 - Распределба на регистрирани поддомени

За споредба, на истиот датум во 2009 г. биле регистрирани 16.760 домени. И тогаш, најголема била застапеноста на .com.mk 68 %, на

второ место била .mk со 17 % и на трето место, .org.mk со 9 %. (извор: http://domejn.ot.mk/podatum/20091201.html). Може да се забележи дека процентот на .org.mk и .com.mk бил повисок за разлика од оваа година што се должи на измените во правилникот на МАРНет од април 2008 г. кога се дозволи регистрирање секундарни домени под .мк врвниот домен. Намалувањето на застапеноста на .com.mk и .org.mk најверојатно се должи на сè поголемата употреба на врвниот домен mk.

## Тренд на новорегистрирани домени

Податоците за датумот на регистрација на домените од пред мај 2003 г. не се јавно достапни, затоа приказот за трендот на порастот на бројот на регистрирани домени го опфаќа периодот од 1.5.2003 г. до 1.12.2010 г. На следниот графикон може да се забележи дека вкупниот број на новорегистрирани домени низ годините постојано расте. Во изминатите седум години вкупниот број на ново регистрирани .org.mk домени расте во просек за 9 % годишно.




Графикон 2 - Раст на регистрирани домени 2003-2010

Меѓутоа бројот на новорегистрирани домени по години не е со постојан раст, односно од 2007 г. забележан е пад на бројот на нови регистрации на годишно ниво. Во 2005 г. се регистрирани најмалку нови домени – вкупно 75 (5,8 %), а најмногу нови домени биле регистрирани во 2007 г. – вкупно 147 (11,4 %). Од мај 1995 г. до мај 2003 г. биле регистрирани вкупно 421 домен (32,6 %).




Графикон 3 - Број на ново регистрирани .org.mk домени по години

| Година | Ново-регистрирани | Процент од вкупно | Вкупно регистрирани |
|---|---|---|---|
| до 5.2003 | 421 | 32,6 % | 421 |
| од 5.2003 | 52 | 4,0 % | 473 |
| 2004 | 106 | 8,2 % | 579 |
| 2005 | 75 | 5,8 % | 654 |
| 2006 | 97 | 7,5 % | 751 |
| 2007 | 147 | 11,4 % | 898 |
| 2008 | 144 | 11,1 % | 1042 |
| 2009 | 127 | 9,8 % | 1169 |
| до 12.2010 | 124 | 9,6 % | **1293** |

Табела 1 - Нови регистрации по години




Графикон 4 - Процент на новорегистрирани домени по години

Од 2007 г. бројот на ново регистрирани домени по година опаѓа во просек по 5,4% годишно.

## Регистранти и именски опслужувачи

Право на регистрирање нов терцијарен домен во секундарниот .org.mk домен имаат само правни лица, не и физички лица. Во следната табела се прикажани 15-те регистранти кои имаат регистрирано најголем број домени. Овие 15 регистранти имаат регистрирано вкупно 193 домени кои сочинуваат 15 % од вкупниот број на регистрирани .org.mk домени.

Според правилникот на МАРНет „Право да регистрираат терцијарен домен во секундарниот домен ‘org.mk’ имаат: непрофитни организации и здруженија, политички партии, фондации, синдикати, јавни здравствени организации, фондови и сл., основани според прописите на РМ, странски амбасади во РМ, непрофитни странски организации на кои, со меѓународен договор или согласно со закон, им е допуштено да вршат непрофитна дејност во РМ и сл.“. И покрај ова двата регистранти кои имаат најмногу регистрации се трговски друштва.

| Р.Б. | Регистранти | Р.Д. |
|---|---|---|
| 1 | Македонски телеком, АД за електронски Комуникации - Скопје | 26 |
| 2 | МАКЕДОНИЈА ОН ЛИНЕ Александар Поповски и други експорт-импорт ДОО Скопје | 24 |
| 3 | Македонски центар за меѓународна соработка | 23 |
| 4 | Фондација Институт отворено општество - Македонија | 20 |
| 5 | ФОНДАЦИЈА МЕТАМОРФОЗИС, Скопје | 18 |
| 6 | ОН.НЕТ ДОО Скопје, Друштво за информациски системи | 16 |
| 7 | Црвен Крст на Република Македонија, Скопје | 12 |
| 8 | ЦИРА Скопје, Центар за институционален развој | 9 |
| 9 | МОСТ Скопје, Граѓанска асоцијација за развој на демократските институции | 8 |
| 10 | Македонска православна црква | 7 |
| 11 | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство | 6 |
| 12 | МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО Скопје, Здружение на физијатри на РМ | 6 |
| 13 | Меѓаши, прва детска Амбасада | 6 |
| 14 | Младински образовен форум - Скопје | 6 |
| 15 | Таксист, здружение за унапредување на такси дејности | 6 |

**Табела 2 - Регистранти со најмногу регистрирани домени**

Во следната табела се подредени 15-те компании кои одржуваат именски опслужувачи кај кои се опслужуваат над 10 регистрирани .org.mk домени. Овие 15 именски опслужувачи опслужуваат вкупно 853 домени кои прават 65,9 % од вкупниот број регистрирани терцијарни .org.mk домени.

| Р.Бр. | Примарен именски опслужувач | Број на домени |
|---|---|---|
| 1 | mt.net.mk | 247 |
| 2 | on.net.mk | 157 |
| 3 | mol.com.mk | 89 |
| 4 | marnet.net.mk | 79 |
| 5 | unet.com.mk | 57 |
| 6 | mk-host.com | 48 |
| 7 | ixwebhosting.com | 32 |
| 8 | hostgator.com | 30 |
| 9 | neotel.com.mk | 28 |
| 10 | soros.org.mk | 19 |
| 11 | bluehost.com | 17 |
| 12 | mpt.com.mk | 14 |
| 13 | next-em.com.mk | 14 |
| 14 | powweb.com | 12 |
| 15 | rosehosting.com | 10 |

**Табела 3 - Именски опслужувачи со повеќе од 10 домени**

На 723 (56 %) домени од вкупно 1.293 регистрирани терцијарни .org.mk домени е поставен веб-сајт кој е активен и јавно достапен (проверката за исправноста на поставениот веб сајт е направена во периодот 1-7.12.2010 г.). Од нив 57 се паркирани домени (повеќе домени кои покажуваат на ист веб-сајт), што значи дека има вкупно 666 (51,5 %) уникатни активни достапни веб-сајтови. Понатаму во истражувањето се анализирани токму овие 666 уникатни .org.mk домени. Останатите 570

(44 %) домени упатуваат на непостоечки веб-сајтови, сајтови во изработка или постои проблем со именските опслужувачи.




Графикон 5 - На 51,5 % од регистрираните .org.mk е поставен уникатен активен веб сајт

## Контакт-информации

На активните веб-сајтови направена е анализа колку од нив ги имаат вклучено информациите за контакт, како што се поштенска адреса, број на телефон, број на факс, е-пошта и/или контакт форма.

На околу една четвртина од анализираните веб-сајтови не е споделена поштенската адреса на организацијата.




Графикон 6 – Број на веб-сајтови кои имаат споделено поштенска адреса

Речиси идентичен е бројот на веб-сајтови, кај кои може да се најде информација за е-пошта како комуникациска алатка, односно од 666 веб-сајтови, 498 (74,8 %) ја имаат објавено својата контакт е-пошта.




Графикон 7 – На една четвртина од веб сајтовите, не е споделена е-пошта

Контакт-телефон (фиксен или мобилен) е споделен на 509 од 666 активни веб сајтови (76,4%), додека пак број на факс е споделен на 337 од нив што претставува 50,6% од вкупниот број.




Графикон 8 – Број на веб-сајтови кои имаат споделено контакт телефонски број




Графикон 9 - Број на веб-сајтови кои имаат споделено број на факсот за контакт

Контакт-форма е комуникациска алатка за испраќање на е-пошта директно преку форма имплементирана на веб сајтот и е застапена на 247 (37,1 %) веб сајтови од вкупно 666.




Графикон 10 – Контакт-форма е најмалку застапена комуникациска алатка

Бројот на веб-сајтови кај кои може да се најдат сите пет вида на контакт-информации изнесува 94 од 666, или изразено во проценти – 14,1 %, додека пак бројот на веб-сајтови кај кои нема наведено ниту еден вид на контакт-информации е 53 (8 %) од вкупно 666 активни веб-сајтови.

## Социјални медиуми

Анализирани се насловните страници на веб-сајтовите, односно дали некоја организација користи социјални медиуми кои претставуваат најнов вид на комуникациска алатка и дали истите ги има истакнато. На 67 веб-сајтови (10,1%) може да се најде информација за употребата на некој социјален медиум.




Графикон 11 – Ниска употреба на социјални медиуми

На 36 (53,7 %) веб-сајтови е истакната употреба на еден социјален медиум. На еден веб-сајт е истакната употреба на осум различни социјални медиуми, додека 12 (17,9 %) користат два, а 14 (20,9 %) три социјални медиуми.




Графикон 12 – Број на веб-сајтови кои употребуваат еден или повеќе социјални медиуми

Од 67 веб-сајтови на кои е истакната употребата на социјални медиуми, најупотребуван е Фејсбук (Facebook) - 59 (88,1 %), потоа Твитер (Twitter) - 24 (35,8 %) по кој следува Јутјуб (YouTube) - 21 (31,3 %).




Графикон 13 – Фејсбук и Твитер се најкористени социјални медиуми

## Употреба на јазици

Анализирано е колку од веб-сајтовите презентираат содржини на повеќе јазици и кои се тие. Најголем е бројот на еднојазични веб-сајтови – 369 (55,4 %), двојазични се 231 (34,7 %), тријазични се 60 (9 %) додека пак 6 (0,9%) се повеќејазични.




Графикон 14 – Број на веб-сајтови на еден или повеќе јазика

Гугл транслејт е веб-базирана алатка која се имплементира во веб-сајтот и служи за автоматски превод на содржините на, во овој момент, 58 јазика. Истиот е имплементиран само на девет веб-сајтови кои претставуваат 1,4 % од вкупниот број активни веб-сајтови.




Графикон 15 - Број на веб-сајтови кои имаат имплементирано Гугл транслејт алатка

Најупотребуван јазик е македонскиот, односно 572 (85,9 %) веб-сајтови користат македонски јазик. По него најупотребуван е англискиот јазик на 357 (53,6 %) веб-сајтови, па албанскиот на 72 (10,8 %) веб-сајтови.




Графикон 16 - Број на веб-сајтови кои користат некој од наведените јазици

Од 369 веб-сајтови кои користат само еден јазик, најбројни се оние со македонски јазик, 276 (74,8 %), потоа оние кои се само на англиски јазик 80 (21,7 %), само на албански јазик 5 (1,3 %), додека пак останатите 8 (2,2 %) користат само турски, српски, француски или босански јазик.




Графикон 17 - Број на веб-сајтови кои користат само еден од наведените јазици

На веб-сајтовите кои користат два јазика, најчеста е комбинацијата на употреба на македонски со англиски јазик – 215 (93 %), а потоа македонски со албански јазик – 10 (1,5 %).




Графикон 18 - Број на веб-сајтови кои користат два јазика во наведените комбинации

Македонски-англиски-албански јазик е најчестата комбинација на јазици кај трујазичните веб-сајтови, присутна кај 48 (80 %) од нив. Кај 79 од 80 веб-сајтови, еден од трите јазика е македонскиот. Постои еден трујазичен веб-сајт кај кој не е присутен македонскиот јазик, а се користат англиски, албански и хрватски јазик.




Графикон 19 - Број на веб-сајтови кои користат два јазика во наведените комбинации

# Заклучоци

1. **Само 14 % од потенцијалните регистранти имаат регистрирано интернет-домен.** Постојат околу 9.080 потенцијални регистранти кои имаат регистрирано 1.293 интернет домени.
2. **На половина од регистрираните домени се поставени активни веб-сајтови.** Од вкупно 1.293 домени, само на 666 (52 %) од нив е поставен активен веб-сајт.
3. **На петте граѓански организации кои имаат регистрирано најголем број домени, им припаѓаат 6 % од вкупниот број регистрирани домени .org.mk.** Овие пет граѓански организации имаат регистрирано 78 од вкупно 1.293 домени.
4. **Опаѓа застапеноста на регистрирани домените .org.mk во вкупниот број регистрирани домени**. За разлика од 2009 г. кога застапеноста изнесува 9 %, во истиот период во 2010 г. таа изнесува 7 %. Ова може да се должи на сѐ поголемата употреба на врвниот домен .mk .
5. **Бројот на вкупно регистрирани .org.mk домени е во постојан пораст, но бројот на новорегистрирани домени по години од 2007 г. опаѓа**. Вкупно регистрираните домени .org.mk се зголемуваат во просек за 9% годишно, но бројот на новорегистрирани домени .org.mk по години опаѓа во просек по 5,4 % годишно.
6. **Петте примарни именски опслужувачи со најголем број домени .org.mk се со локација во Македонија**. Кај 48,6 % од домените org.mk се користат овие пет именски опслужувачи.
7. **Големо мнозинство од веб-сајтовите имаат споделено поштенска адреса, е-пошта и телефон**. Околу 75 % од анализираните веб-сајтови ги имаат споделено овие комуникациски детали.
8. **Мало малцинство (10 %) од активните веб-сајтови имаат споделено употреба на социјални медиуми.** Од нив, 88 % користат Фејсбук.
9. **Преовладуваат еднојазичните веб-сајтови на македонски јазик,. Ретко се користи алатката Гугл транслејт за автоматско преведување на содржините.** Вкупно 55 % се еднојазични, македонскиот јазик се употребува кај 75 % од нив. Најчеста комбинација  на јазици кај двојазичните (35 %) веб-сајтови се македонски и англиски (93 %) јазик.